MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 бр. Q-1091/0

Бр. 08-742/2
19-03-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата на петата седница одржана на ден 15.03.2019 година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема основа за надлежно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 08-742/1 од 22.02.2019 година.

Предметот со број 08-742/1 од 22.02.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот со број 08-742/1 од 22.02.2019 година е оформен врз основа на добиена анонимна пријава.

Со пријавата се бара ДКСК да изврши проверка на потеклото на имотот на лицето _____________, сопственик на приватна стоматолошка ординација.

Од содржината на пријавата и од увидот во својата евиденција, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наведеното лице не спаѓа во категоријата „службено лице" во смисла на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што нема основа да ја испитува неговата имотна состојба.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk